# Упатство за електронско плаќање на административна такса преку СМС порака

Административната такса може да се плати преку:

1. **СМС порака**. За плаќање на админстративна такса преку СМС потребно е да испрати СМС порака на бројот 144 166 со префикс на мобилен оператор. Пораката има строго дефинирана содржина и тоа

   ```
   TM <ime> <Prezime> <suma>
   ```

   до која што корисниците треба да се придржуваат.Доколку корисникот не испрати СМС порака со точно определената содржина, истата нема да се обработи и наплатата нема да биде реализирана.

2. Со користење на Андроид **апликацијата Таксена Марка** која може да се преземе од овој линк. Таксена марка е апликација која им нуди на граѓаните на Р.Македонија полесно да се справат со плаќањето на таксените марки. Апликацијата нуди три опции на таксени марки: за “Патна Исправа“, за “Возачка Дозвола“ и за “Студенти“. Во категоријата за Студенти последната опција е опција во која студентите можат да внесат сума со произволен износ доколку сакаат да купат повеќе таксени марки наеднаш.

Доколку уплатата била успешна корисникот ќе добие СМС порака чија содржина е трансакциски број. Овој трансакциски број корисникот треба да го сочува и запише на документите на местото обележано за таксена марка.